Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# ГРИЖА ЗА ЖИВОТНИТЕ И ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖИВОТНИТЕ

**Е-книга**

Подготвено од европскиот еЕразмус+ проект “Магичен сон: Терапија со помош на животни кај децата со потешкотии и попреченост во учењето”

Издадено 2019

“Овој проект е финансиран и поддржан од Европската Комисија. Ова издание ги одразува гледиштата само на авторот, и комисијата не може да се смета за одговорна за било која употреба од информациите кој ги содржи истиот.”

# ГРИЖА ЗА ЖИВОТНИТЕ

# Листа за грижа за животното

Ако имате животно во вашата училница мора да направите листа за грижа за живитното. Тоа е документ кој вклучува чекори како да се грижите за животното (чистење на неговата животна средина, подготвување на неговата храна, носење на ветеринар…)

Учениците секојдневно ги следат дадените задачи од листата за грижа за животното, во која се вклучени и правила за одржување на добра хигиена.

## Неделен план за грижа на Грицко

- отворете го кафезот и ако Грицко ви дозволи погалете го
- со пластична лажица отстранете го изметот и сменете ја салфетката од пластичната површина (неколку пати во текот на денот)
- остатоците од храна истурете ги и измијте го зелениот сад со топла вода, избришете го и ставете три грста храна за морско прасе
- остатоците од храна од белиот сад исто така истурете ги, измијте го садот со топла вода и избришете го
- истурете ги течностите, измијте го шишето со топла вода и наполнете го со ладна вода

- со влажни марамчиња избришете ја површината околу садот за храна

- извадете ги зеленчуците од фрижидерот и внимателно сечете ги на два дела, измијте ги и ставете ги во белиот сад

- внимателно земете го морското прасе под градите и задниот дел и оставете го на мека ткаенина (жолто ќебенце)

- земете го чешелот и со лесни движења исчешлајте го Грицко во правец на растот на влакното

- ставете го во кафезот и затворете го кафезот

- измијте

## 10 дневен план за грижа на Грицко

- Внимателно подигнете го морското прасе под градите и задниот дел и ставете го во транспортерот
- Отстранете го горниот дел од кафезот и со влажно марамче избришете ја површината
- Отстранете ги остатоците од храна и вода и измијте ги чинијата и шишето со топла вода
- Измијте ја површината што е околу чинијата за храна со топла вода и избришете ја
- Внимателно отстранете ги дрвените струганици со пластичен сад, ставете ги во кеса и фрлете ја во корпата за отпадоци
- Измијте го кафезот со топла вода и избришете го со чиста крпа



- внимателно ставете дрвени струганици во кафезот (до 5 см дебелина)
- поставете ја пластичната полица за садови со храна
- ставете ги садовите за храна и вода (ставете храна ако е потребно)
- ставете ги гранчињата и играчките врз струганиците
- стевете го горниот дел од кафезот и затворете го
- извадете го морското прасе од транспортерот и вратете го во кафезот
-измијте си ги рацете



- на секои три месеци (а може и почесто) Грицко мора да посети ветеринар за да се провери неговото здравје како и да му се скратат крзното и ноктите

# ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖИВОТНИТЕ

# Зошто е важно правилното постапување со животните?

- Со цел да се намали ризикот за децата кои учествуваат во програмата со животни како и ризикот за животните кои се користат, мора да се следат одредени правила за постапување со животните.
- соодветното постапување со животните е важно во извршувањето на потребните процедури за здравјето и доброто на животното. Го намалува стресот кај животното, ги намалува евентуалните повреди кај животното и кај човекот и овозможува нивната взаемна интеракција да е порелаксирана.

# Што вклучува правилното постапување со животни?

- Збогатување на познавањата за даденото животно, обезбедување на неговите пет видови на слобода (да не е гладно и жедно, да нема болка, повреда и болест, да не чувствува страв, стрес и неудобност и да може нормално да се однесува), чести посети кај ветеринар
- животните треба да бидат чувани во безбена околина, со температура, вентиалција и влажност што ним им одговара. Домот на животното треба да се чисти, проверува и одржува постојано.
- Опремата која се користи треба да е етички употребена

# Најдобар начин на пристапување кон куче

**Пристапувањето кон кучето** мора биде од напред, поради тоа што кучињата гледаат најдобро кога нештата се пред нив. Детето треба да пушти рака за да ја охрабри интеракцијата и да дозволи кучето да го помириса. Потоа може да се погали кучето под брадата и на градите.



# Најдобар начин на пристапување кон куче

**Основната опрема** - треба да е безбедна за кучето и да не го повредува додека ја носи.

Ремени што го затегаат во вратот додека повлекуваме не треба да се користат (синџири и јажиња кои  што се со затегање).

Кожни ременчиња се најдобрата опција.

# Најдобар начин на пристапување кон куче

**Подигнувањето -** треба да се прави смирено. Животното треба да се почуствува сигурно. Кучињата треба секогаш да се доближани до телото на човекот и придржувани под градите и задниот дел. Ако кучето е од средна или голема раса потребно е двајца за да го подигнат.